Врз основана член 48, член 49, член 50, член 51, член 52 и член 53 од Законот за административни службеници ( „Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018) и Упатството за објавување и спроведување на интерен оглас („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2018), Директорот на Јавното комунално претпријатие „Илинден" н.Илинден донесе

Јавно комунално претпријатие
" ИЛИНДЕН "
Бр. 03-34/5
13 02 2020 год.
Населба, ИЛИНДЕН

# ОДЛУКА

**за невршење на избор по Интерен оглас бр.01/2020**
**за пополнување на работно место со унапредување**

1. По Интерниот оглас бр.01/2020 за пополнување на работно место со унапредување на Раководител на одделение за јавни набавки, со шифра КДР 01 02 Б04 011, во Одделение за јавни набавки - Административна служба во ЈКП Илинден н.Илинден, не се избира кандидат, поради тоа што на огласот нема пријавено ниту еден уреден кандадат.

2. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 23.01.2020 година на веб страната на Јавното комунално претпријатие „Илинден" н.Илинден http://jkpilinden.com.mk/ и Агенцијата за администрација, објавен е Интерен оглас бр.01/2020 за пополнување на едно работно место со унапредување во ЈКП „Илинден" н.Илинден - за Раководител на одделение за јавни набавки, со шифра КДР 01 02 Б04 011, во Одделение за јавни набавки - Административна служба.

Комисијата за селекција за унапредување, формирана со Решение на Директорот на Јавното комунално претпријатие „Илинден" н.Илинден бр.03-34/3 од 06.02.2020 година, а во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен службеник за извршување на работите од точка 1 на оваа одлука, а по објавувањето на интерниот оглас број 01/2020, спроведе постапка за селекција за унапредување за наведеното работно место.

По спроведената административна селекција, од страна на Комисијата е изготвен Записник од административна селекција за интерен оглас арх.бр.03-34/4 од 13.02.2020 година, при што од страна на Комисијата за селекција за унапредување е утврдено и констатирано дека на огласот нема пријавено ниту еден уреден кандидат.

Предвид претходно наведеново, Директорот на Јавното комунално претпријатие „Илинден" н.Илинден донесе одлука за невршење на избор како во диспозитивот на оваа одлука.

Правна поука: Против оваа одлука може да се изјави жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 дена по објавувањето на истата на интернет страницата на претпријатието.

Д.Н.
- Административниот службеник
- Одделение за управување со човечки ресурски
- Архива

ЈКП „Илинден" н.Илинден
Директор
Дипл.правник Игор Филиповски

Јавно комунално претпријатие „ИЛИНДЕН" Населба Илинден